*ГЕОРГИ СТАРДЕЛОВ*

# СЕГАШНИНАТА И ИДНИНАТА

Сè што е создадено подложено е на неминовно исчезнување, зашто сè уште не постои ништо што се начнало, а да не исчезнало.

Меѓутоа, тој, секако еден од најнеумоливите факти, дека сè што постои на крајот исчезнува пред кој вечно загадочно стои човековиот ум, бил, истовремено, и најмоќниот движечки фактор во човековата непрестајна трка да не се изгуби времето напразно, без да се остави бележита трага, без да се создаде нешто што е потрајно и од самиот човек, факт што, инаку оневозможува да се прогласи милениумската повест на човекот за неуспех.

Ако, значи, егзистенцијата на сегашнината ја карактеризира имено таа неминовна минливост на сè што е сврзано со делото на човекот, средишно прашање кое вечно го преокупира неговиот ум е токму прашањево: како, среде таа неуништива минливост која е нешто најтрајно што ни е дадено, човекот, или една социјална заедница, да се задржат, да останат надмоќни над времето и заборавот, да минат низ овој свет, но, притоа да не поминат во ништо и ништотност? Тоа средишно прашање човекот, како и секоја социјална заедница, го решавале, всушност, на тој начин што се стремеле да создадат вредности кои ќе ги поврзат со иднината, кои ќе го поврзат она што ê со она што ќе ê, т.е. со тоа што ќе ја поврзат сегашнината со иднината. И за да го оствари тој чин што ќе го прави — за разлика од другиот органски свет — вечно жив, човекот, како и една социјална заедница, создавајќи во непрестајната минливост на сè неминливи вредности, си поставувале цели кон кои се стремеле, идеи што сакале да ги реализираат и идеали за кои се бореле.

Маркс, на пример, пред повеќе од столетие и пол го истакна комунизмот како идеал, т.е. како реално историско движење на современото човештво во неговата прометејска борба да се изгради еден свет најчовечен и затоа најправичен меѓу сите можни светови. Тој идеал во XX век стана еден единствен можен излез пред замрсената и противречна драма во која се најде нашево столетие, што пред октомври 1977, дојде на затворен социјален колосек, остана така да се рече, без иднина. Меѓутоа, тој идеал во Марксовиот кон-

---

Текстот е извадок од книгата „Вовед во иднината" — „Македонска книга", Скопје 1986.

цепт на иднината никогаш не беше поставен од онаа страна на човековата борба, туку токму во нејзиното средиште. Комунизмот не беше за него, како што тоа погрешно се сфаќа и ден—денес, некоја далечна метемпиричка цел, суштина и идеал што се стутулени во далечната преградка на историјата и до кои се доаѓа независно и дури наспроти сегашнинита, туку нејзин основен белег, специфична суштина на сегашнината која ја роди социјалистичката револуција, нешто што не е само чиста илузија, туку стварносна димензија на сегашнината. И токму затоа и може да се рече дека иднината е моќно и силно оружје на сегашнината, дека таа инспирира на грандиозни потфати во историјата, дека не постои ниедна друга социјална магнетска сила поголема и поинспиративна од иднината, која е во состојба да ги привлече Милионите за беспоштедна борба во сегашнината.

А што е сегашнината? Каква е, пак, нејзината сила во обликувањето на иднината?

Не може да се одговори адекватно на ова прашање ако сегашнината и иднината се спротивставаат една на друга, ако тие се конципираат како два дивергентни света еден наспроти друг, како два света на два брега, ако, со еден збор, не се сфати дека сегашнината и иднината стојат во еден непрекинлив корелативен однос, дека тие не можат да се остварат независно една од друга, дека токму од карактерот на сегашнината, од тоа каква е таа, зависи каква ќе биде иднината, т.е. од тоа дали имаме и каква сегашнина имаме — суштествено зависи дали ќе имаме и каква иднина ќе имаме. Според тоа не може да се одвои од иднината, ниту пак иднината од сегашнината.

Но тоа не се сфаќало, ниту се сфаќа секогаш од марксистичките мислители и меѓу нив.

Низ, на пример, остварувањето на социјалистичката револуција кај нас последниве четири децении во теоретското и практичното осмислување на односот меѓу сегашнината и иднината суштествени се два меѓусебно различни пристапи. За суштината на првиот пристап, кој е главно типичен за првата деценија по остварувањето на револуцијата, битен беше концептот на митологизирање на иднината и на целта и идеалот кон кој се стремевме. Тоа беа години во кои сѐ во сегашнината беше предодредено за и на иднината. Сегашнината во инстанците на револуцијата, немаше никакво посуштествено значење. Според детерминистичкиот историски фатализам, ние се движиме врз основа на историската нужност во комунизам па затоа што и да правиме во сегашнината, ништо не може да го запре остварувањето на нашата иднина. Значи, се мислело дека сегашнината не влијае врз нашата иднина, па отаде основната девиза гласеше: *средствата не се важни, целта е сѐ.* Сегашнината, навистина, може да биде неправедлива, неморална, несреќна, трагична, трауматична, но иднината, независно од тоа, ќе е среќна. Затоа во сегашнината и нема што друго да се прави освен пред олтарот на иднината да се поднесуваат жртви. Секое хедонистичко начело, секое настојување кон среќата на човекот е прогласувано за малограѓански рецидив;

важна е среќата на општеството кое победоносно не води кон среќната иднина. Сегашнината е, главно, сведена на преодно време, на нешто провизорно, ad hoc, на нешто што е привремено, нешто кое не заслужува никаква почит. Ние сме во неа само на помин, или на премин кон среќната иднина.

Додека првиот приситап ја митологизира иднината, вториот пристап ја митологизира сегашнината. Понекогаш живеевме за иднината без да мислиме на сегашнината, подоцна живеевме за сегашнината без да мислиме на иднината. Некогаш имавме погрешно сфаќање за иднината, денес имаме погрешно сфаќање за сегашнината. Некогаш мислвме дека *средствата не се важни*, дека целта е сè. Сега, пак, мислиме дека *целта не е битна, дека средствата се сè*. Денеска повторно иднината ја сфаќаме како нешто етерично, како чист илузионизам. Основна слабост и на првиот и на вториот концепт кон сегашнината е во тоа што таа, сегашнината, не се определува како конститутивен елемент на иднината и, обратно. Имено, повторно метафизички се изолира сегашнината од иднината. Се мисли, имено, на следниов начин: бидејќи се живее од она што се има, потребно е повеќе да се има, а не е важно да се биде; да се **има** и да се **биде** меѓусебно се исклучуваат. Најпосле, тоа не е битно, битно е само економското богатство денес, во сегашнината, е духовното или етичкото богатство — тоа е работа на иднината, кое ќе дојде само од себе, независно какви сме денес. Според тоа, во првиот и во вториот пристап она што е погрешно, тоа е погрешното сфаќање за сегашнината.

Зошто?

Ако се издвои иднината од сегашнината, ако иднината се сфати независно од сегашнината, човекот и секоја социјална заедница нема никогаш да ја остварат својата иднина. Ако иднината не живее во сегашнината, таа никогаш не ќе може да стане сегашнина, а сегашнината иднина. Оној што сака да ја оствари својата иднина, тој, всушност, ја продлабочува, ја оплодува својата сегашнина. Оној што се бори за своја иднина, тој, всушност, се бори за своја сегашнина и само доколку ја живее иднина во својата сегашнина, може да ја оствари неа. Затоа иднината не е илузија, не е само чист копнеж што постои независно и наспроти она што го чиниме во својата сегашнина. Иднината е, значи она што го создаваме денес, а она што го создаваме денес, тоа е богатството или бедата во сферата на материјалните и духовните вредности. Затоа битката за своја иднина еден човек или една социјална заедница можат да ја остварат само доколку создаваат такви вредности во сегашнината, кои, наспроти нетрајноста и минливоста на сè околу нас, ќе останат трајно и неминливо да зрачат за сите времиња, надживувајќи ги нив. Богатството на нашата иднина е во богатството и трајноста на вредностите што ги создаваме во нашата сегашнина.

Затоа не барајте ја иднината во некој свет далечен во кој ќе се дојде само по себе, зашто ниеден проект на иднината не ќе се оствари ако темелите не му ги поставиме сега, токму значи во сегашнината.

Врз тие темели ќе може да се извиши монументалниот комунистички обелиск на иднината дотаму до каде ќе можат да додржат темелите што ги ѕидавме во сегашнинава.

Најпосле, марксизмот, за разлика од сите можни религии, е, во прв ред филозофија на сегашнината. За него, и во него најсуштествено е неговото интрансигентно борење со противречностите на конкретната историска епоха, неговата храброст и моќ секогаш да поаѓа од конкретната застрашувачка социјална и животна стварност, неа не само да ја открие и осмисли, туку истовремено и надмине, во смисла на дијалектичкиот принцип да ја живее иднината во сегашнината и сегашнината во иднината. Затоа е марксистичкиот пат црвен, усвитен, вехементен, непомирлив, опасен, револуционерен. Да се биде на тој пат, значи да мора да се помине помеѓу Сцилата и Харибдата.

*GEORGI STARDELOV*

## CONTEMPORANEITY AND FUTURE


### SUMMARY

The future ismnot a meta-empirical notion. It has its sources in every element of Today. From its part, Today is that what creats the Future. The relationship is dialectic and mutual. What our Future would be, and what it will turn to be is always the question that is to be solved Today.